Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумнаесетта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Шкодране Дардишта, директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров и

членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година

2. Годишен извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со Предлог – одлука

3. Информација за воспоставување единствена евиденција врз основа на единствен идентификационен број (ЕИБ) за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата

4. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенција за катастар на недвижности)

5. Информација за утврдување на висината на реално направените трошоците за изработка на Елаборат за услови за планирање на просторот, со Предлог-одлука

6. Информација за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за трговија, услуги и производство „Цемдаг Лајтинг Еуропа“, увоз извоз, ДООЕЛ Ресен, со Предлог – одлука

7. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија, промет и услуги „Доган Отомотив“, ДОО увоз-извоз Скопје, со Предлог – одлука

8. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги „Ипротекс технички текстил“, ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија)

10. Предлог - одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со седиште ул. „Никола Парапунов“ бр.41

11. Барање на согласност за носење на одлука за давање согласност да се спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Национална установа Драмски театар - Скопје)

12. Информација за набавка на медицински кислород за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники во комплекс клиники „Мајка Тереза“, Скопје

13. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 18 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чаир

14. Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2019 година

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота

16. Информација за Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог-уредба

17. Предлог - програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година

18. Предлог-програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година

19. Информација за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно извештајот „Doing Business 2020“ на Светска банка и известување во врска со објавувањето на овој извештај во наредниот период

20. Информација за начинот на обезбедување на преостанатите 50% од средствата потребни за затворање на финансиската конструкција за изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија

21. Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, кој се однесува на соработката за поддршка на процесот за членство во Европската Унија, со текст на Меморандум

22. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 51 на Река Ехлоечка на концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје

23. Информација за заштита и унапредување на работничките права преку колективен договор на овластените службени лица во Шумската полиција

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво-Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Горно Лисиче вон град, Општина Аеродром, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска централа) КО Црновец, Општина Битола, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс (угостителско туристички комплекс) КО Бегниште, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија (фотоволтаични централи) КО Берово-вонград, Општина Берово, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија, термоелектрична централа за производство на електрична енергија од био маса КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија (фотоволтаични централи) КО Берово-вонград, Општина Берово, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура (производство на електрична енергија од обновливи извори-Сонце со капацитет до 1MW) КО Тополчани, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена на Г2-лесна и незагадувачка индустрија (објект за преработка на производи од дрво – производство на еко пелети) КО Долнени, Општина Долнени, со Предлог-одлука

34. Информација за текот на преговори за ревидирање на Договорот за слободна трговија  меѓу Република Македонија и Украина

35. Информација за потребата од ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција

36. Информација за доставување на Предлог –одлука за префрлање на средства од сметката на Министерство за економија, програма П1, на сметка на Развојна банка на Северна Македонија, со Предлог-одлука

37. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, со Предлог-решение

38. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен Мермерен комбинат АД Прилеп

39. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром

40. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности

41. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите

42. Предлог на закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија

43. Информација за учество на Република Северна Македонија во Заедничката, надворешна, безбедносна и одбранбена политика на ЕУ во периодот 1 јануари - 30 јуни 2020 година

44. Информација за воспоставување на Преспа форум за дијалог

45. Информација за Предлог-реорганизација на економската дипломатија, во насока на промоција на националните економски интереси во странство

46. Предлог - одлука за еднострано укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

47. Информација за потребите од реализација на препораките на ГРЕКО упатени до Република Северна Македонија со Извештајот за евалуација - Петти круг (тема: Превенција на корупција и промоција на интегритет кај централната власт - највисоките извршни функции и органите за спроведување на законот)

48. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија А. бр.17807/15 и А.бр.17893/15, со Предлог-одлука

49. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија"

50. Информација за статусот на под-проектот Изградба на Воспитно-поправен дом Тетово, Општина Брвеница

51. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

52. Информација за текот на процесот на апликацијата за Националната франкофонска иницијатива (НФИ) за периодот 2019-2022 година од Меѓународната организација на франкофонијата, со усогласен текст на Договор за субвенција за НФИ 2020 година со Меѓународната организација на франкофонијата и со усогласен текст на Договор за соработка за реализација на Програмата

„Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2020“ со Францускиот институт во Скопје

53. Информација за започнување на проектот „Зајакнување на е-влада“ (ИПА 2017) и потребата од назначување на лица од институциите

54. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 18 и 19 ноември 2020 година преку видео конференциска врска

55. Предлог-одлука за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација

56. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централна Африканска Република

57. Предлог на закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

58. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство на фармацевтски производи, трговија и услуги Канабис мед-гроу ДОО увоз-извоз Струга за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука

59. Информација за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп (cannabis sativa, cannabis indica и cannabis ruderalis) за медицински цели на „НЈСК Холдинг“, ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

60. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „НЈСК Холдинг“, ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

61. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година

62. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година

63. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година

64. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година

65. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно истражувачката дејност за 2020 година

66. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон програмите на ЕУ „Еразмус“ и „Европскиот корпус на солидарност“ во новиот програмски циклус од 2021 година до 2027 година

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Црвен крст на Република Северна Македонија–Општинска организација Битола

68. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука)

69. Предлог - одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година

70. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година, со Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2021 година

71. Иницијатива од адвокат Ѓорѓи Павлов од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.278/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 281-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15)

72. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.271/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/2015)

73. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 275/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 став 1 во делот: „Совет на судската служба“ од Законот за судската служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018)

74. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100906 за КО Центар 1, на КП бр.13159 М.В./Улица Б. Тодоровски и Имотен лист бр.100914 за КО Центар 1, на КП бр.13158 М.В./Улица Б. Тодоровски

75. Понуда од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613

76. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12879 за Свети Николе на КП бр.9915 м.в. Македонска, доставена од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе

77. Понуда од нотар Никола Кузмановски од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101221 за КО Охрид 4, на КП бр.1644 м.в./улица „Трново“

78. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94890 за КО Ѓ. Петров на КП бр.10070/1, 2, 3 и 4 и Имотен лист бр.94891 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП бр.10077/1, 2 и 3 м.в./Улица Ѓорче Петров

79. Понуда за откуп на недвижен имот, сосопственички дел на Република Северна Македонија, со Имотен лист бр.16337 за КО Куманово на КП бр.14677, доставена од нотар Даниел Живачки од Куманово

80. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82561 за КО Радовиш на КП бр.2007 м.в. Шаин Маало

81. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95827 за КО Ѓорче Петров 3 -Дексион на КП бр.10297/4 викано место/улица Ѓ. Петров

82. Известувањето од извршител Антончо Коштанов од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба, доставен под И. Бр.227/11, која ќе се одржи на 11 ноември 2020 година, за КО Бунарџик

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

85. Информација за состојбата со природните езера и вештачките акумулации на кои Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје има хидроцентрали

86. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”- Скопје за втор квартал 2020 година

87. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1-ви април 2020 до 30-ти јуни 2020 година, со дополнување

88. Информација за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија, за прв и втор квартал од 2020 година

89. Акциски план за реализација на препораките по спроведените ревизии на финансиските извештаи на Министерството за финансии за 2018 година

90. Информацијa за реализација на мерката за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот, со Извештај на Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти

91. Информација за згрижување на семејствата од импровизирани живеалишта во објекти на установи за социјална заштита

92. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

93. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2020 година

94. Информација за Националниот совет за културното наследство, со Предлог – одлука и Предлог – решение

95. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија

96. Предлог - програма за поддршка на угостителскиот сектор во Република Северна Македонија

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година, со следниве изменувања на заклучоците под реден број 2 и 3 и тоа:

- Владата на Република Северна Македонија упатува барање до Министерството за одбрана за ангажирање на армиски службеници, со навршени 45 години, кои ќе се вклучат како поддршка на Министерството за

здравство во делот на одржување на редот и обезбедувањето на здравствените институции.

- Се побарува од Министерството за одбрана и Генерал штабот на Армијата на Република Северна Македонија, за потребите на Министерството за здравство, за определен временски период да отстапи одреден број на санитетски возила, со возачи, заради справување со последиците од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.

2. Времената мерка од член 12 став (2) од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, односно забраната за собирање во групи (групирање) на повеќе од четири лица на јавен простор, односно паркови, јавни површини или било каде на отворен простор, наместо по 21:00 часот, да трае во текот на целиот ден, цела седмица.

Исклучоци од оваа забрана се однесуваат:

1) за родители со деца од исто семејство;

2) при организирање настава на отворено како дел од формалното образование во образовните институции и установи за згрижување на деца;

3) при чекање на постојка за превоз на патници;

4) при професионални спортски тренинзи и натпревари;

5) при организирање и одржување на службени собири (состаноци, работилници, обуки, конференции, седници и сл.) кои се неопходни за да се обезбеди континуирано работење на институциите, деловните субјекти и други организации;

6) при вршење работни задачи од вработени лица во есенцијални служби како полиција, војска, противпожарна служба, обезбедување, здравство и слично;

7) на лица затекнати во вршење работни задачи при давање прва помош во животно-загрозувачки состојби;

8) при пристапување во економски оператори во нивните капацитети, простории/објекти заради добивање услуга, чекање во ред пред оператор и слично, со одржување на дозволеното минимално растојание од најмалку 1,5 до 2 метри при добивање на услугата и

9) вршење на други активности кои се утврдени во и се одвиваат со задолжително почитување на времените мерки, наредените мерки и наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување согласно оваа одлука.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата по Годишниот извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со Предлог - одлука го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување единствена евиденција врз основа на единствен идентификационен број (ЕИБ) за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 30 дена, да достави податоци за сите државни органи и правните лица основани од државата со нивните матични броеви.

2. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да достави информација за прогресот на активностите за воспоставување единствена евиденција врз основа на единствен идентификационен број (ЕИБ) за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата, во рок од шест месеци од денот на доставување на податоците од надлежниот орган задолжен за водење на евиденција на државни органи и правните лица основани од државата.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за утврдување на висината на реално направените трошоците за изработка на Елаборат за услови за планирање на просторот, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на  Одлуката за висината на трошоците за изработување на условите за планирање на просторот, во предложениот текст.

2. Се задолжува Агенцијата за планирање на просторот во периодот додека трае кризата предизвикана од пандемијата со COVID 19, да обезбеди дополнително намалување од 15% на реално пресметаната висина на трошоците.

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за трговија, услуги и производство „Цемдаг Лајтинг Еуропа", увоз извоз ДООЕЛ Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-166/1 од 23.1.2018 година склучен со Друштвото за трговија, услуги и производство „Цемдаг Лајтинг Еуропа", увоз извоз ДООЕЛ Ресен, како закупопримач, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија, промет и услуги „Доган Отомотив", ДОО увоз-извоз Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-275/1 од 8 февруари 2018 година склучен со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги „Доган Отомотив", ДОО увоз-извоз Скопје, како закупопримач, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги „Ипротекс технички текстил", ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност  на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија, преработка и услуги „Ипротекс технички текстил", ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со седиште ул. „Никола Парапунов“ бр.41, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по материјалот.

Исто така, текстот на Предлог - одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со седиште ул. „Никола Парапунов“ бр.41, номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 11**

Владата го разгледа Барањето на согласност за носење на одлука за давање согласност да се спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог - одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (разни движни ствари), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за набавка на медицински кислород за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники во комплекс клиники „Мајка Тереза“ Скопје за седницата на Владата што ќе се одржи утре 10 ноември 2020 година (вторник).

**Точка 13**

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Чаир (п.м.в. Фиат пунто), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје (09-2985/2), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-2983/2), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Битола (09-2982/2), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Дирекцијата за заштита и спасување (09-2981/2), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (09-2980/2), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино (09-2979/2), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-2978/2), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-2977/2), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (09-2976/2), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Сарај (09-2986/2), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица (09-2974/2), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ранковце (09-2988/2), во предложениот текст.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за здравство (09-2987/2), во предложениот текст.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-2989/2), во предложениот текст.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (09-2972/2), во предложениот текст.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (09-2984/2), во предложениот текст.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за транспорт и врски - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам (09-2975/2), во предложениот текст.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево (09-2973/2), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Рецепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулевски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети-Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог-уредба (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно извештајот „Doing Business 2020" на Светска банка и известување во врска со објавувањето на овој извештај во наредниот период.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на обезбедување на преостанатите 50% од средствата потребни за затворање на финансиската конструкција за изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии, во рок од 10 дена да се обрати до Европската банка за обнова и развој со барање за пренамена на 2,7 милиони евра од заемот за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источен дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2" за делумно финансирање на изградбата на заедничката станица Табановце.

Овие средства да бидат издвоени во посебна компонента од заемот која ќе се отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, кој се однесува на соработката за поддршка

на процесот за членство во Европската Унија, со текст на Меморандум и ја усвои со следниот заклучок:

- Го прифати новиот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, кој се однесува на соработката за поддршка на процесот за членство во Европската Унија.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата со реден број 51 на Река Ехлоечка на концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ехлоец со реф. бр.51 со концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, бр.11-4181/1 од 4.5.2015 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 4.11.2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 4.1.2022 година.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за заштита и унапредување на работничките права преку колективен договор на овластените службени лица во Шумската полиција, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи утре (вторник) 10 ноември 2020 година.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво-Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да потврди дали Проценката е валидна, со оглед на тоа што истата е изготвена на 13 февруари 2019 година.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Ракотинци, Општина Сопиште (нов текст), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Ракотинци, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Горно Лисиче вон град, Општина Аеродром, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Горно Лисиче вон град, Општина Аеродром (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска централа) КО Црновец, Општина Битола, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска централа) КО Црновец, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс (угостителско туристички комплекс) КО Бегниште, Општина Кавадарци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс (угостителско туристички комплекс) КО Бегниште, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија (фотоволтаични централи) КО Берово-вонград, Општина Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија (фотоволтаични централи) КО Берово-вон град, Општина Берово, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија, термоелектрична централа за производство на електрична енергија од био маса КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог–одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија, термоелектрична централа за производство на електрична енергија од био маса КО Алданци, Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија (фотоволтаични централи) КО Берово-вонград, Општина Берово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија (фотоволтаични централи) КО Берово-вонград, Општина Берово, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура (производство на електрична енергија од обновливи извори-Сонце со капацитет до 1MW) КО Тополчани, Општина Прилеп, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална

урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (производство на електрична енергија од обновливи извори-Сонце со капацитет до 1MW) КО Тополчани, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена на Г2-лесна и незагадувачка индустрија (објект за преработка на производи од дрво – производство на еко пелети) КО Долнени, Општина Долнени, со Предлог – одлука, условно ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена на Г2-лесна и незагадувачка индустрија (објект за преработка на производи од дрво – производство на еко пелети) КО Долнени вон град, Општина Долнени, имајќи го предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за транспорт и врски дека е потребно во Планската програма врз основа на која се изработуваат овие документации, да се утврди економската и општествената оправданост за зафаќање на земјоделско земјиште со горенаведените бонитетни класи, за изградба на објекти со различни основни класи намени.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на преговори за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува експертската група да ги продолжи преговорите со украинската страна за ревидирање на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина и до 31 јануари 2021 година да достави Извештај до Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерство за финансии - Царинската управа, во рок од 10 дена, да подготви и достави до Министерството за економија ревидиран предлог-текст на Одлука за измена на Протоколот Ц по Договорот за слободна трговија, во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло“ и начини на административна соработка, според најновите измени на ПЕМ Конвенцијата.

## Точка 35

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за потребата од ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, со следниве најнови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од пет дена да формира работна група за земјоделство со цел заземање на став по однос на потребата од ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу

Република Македонија и Република Турција во делот кој се однесува за земјоделско – прехранбени производи.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерство за финансии - Царинска управа, Агенцијата за храна и ветеринарство и Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од три дена до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достават номинација со по еден претставник од рангот на раководни државни службеници во работната група за земјоделство.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерство за финансии - Царинска управа да подготват сеопфатна анализа за позицијата на Република Северна Македонија за степенот на либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбениот сектор и до 20 ноември 2020 година да ја достави до Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за економија во рок од пет дена да формира работна група за трговија со услуги со цел заземање на став по однос на потребата од ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција во делот кој се однесува на трговијата со услуги и за подготовка на посебен Протокол за трговија со услуги.

5. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за култура, Министерство за финансии - Биро за јавни набавки, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за пошта и Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а се укажува на Агенцијата за електронски комуникации и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од три дена до Министерството за економија да достават номинации со свои претставници во работната група за услуги.

6. Се задолжува Министерството за финансии – Царинска управа да достави Предлог за измена на преференцијалните правила за потекло во билатералниот Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, со цел усогласување на истите со новите ревидирани или „преодни" преференцијални правила на ПЕМ Конвенцијата, со што ќе се постигне една зона на кумулација во рамки на трговијата меѓу МК-ЕУ-ТР-ЕФТА-ЦЕФТА со исти ревидирани правила.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија да ги има предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерство за

информатичко општество и администрација, како и Мислењето на Министерството за финансии, со следните укажувања:

-при подготовка на позицијата на Република Северна Македонија за понатамошната либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи со Република Турција, работната група да се води од принципот на асиметричност на либерализацијата во корист на Република Северна Македонија, имајќи ја предвид големата разлика на бројот на населението кои се директни потрошувачи, големината на економиите, како и дефицитот во билатералната трговска размена, во спротивно истото би било на штета на македонската економија, и

- по добиениот предлог од работната група за укинување на царинските стапки на земјоделско-прехранбени производи во меѓусебната трговија, Министерството за финансии дополнително да се произнесе имајќи ги предвид негативните фискални импликации од укинувањето на царинските стапки.

**<u>Точка 36</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Предлог –одлука за префрлање на средства од сметката на Министерство за економија, програма П1, на сметка на Развојна банка на Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за префрлање на средства од сметката на Министерство за економија, програма П1, на сметка на Развојна банка на Северна Македонија, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за економија да подготви договор за префрлање на средства од програма П1 во износ од 60.000.000,00 денари на сметка на Банката, со кој поблиску ќе се дефинираат начинот, постапката и условите за користење на средствата.

3. Се задолжува м-р Крешник Бектеши, министер за економија да го склучи договорот од Заклучокот број 2 со Банката во рок од седум дена по отворањето на посебна сметка од страна на Министерството за финансии.

**<u>Точка 37</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен Мермерен комбинат АД Прилеп и условно ја донесе Одлуката доколку Министерството за транспорт и врски достави мислење по Одлуката.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го имам предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство „Министерството за економија да достави ново Барање согласно член 48 и член 51 од Законот за земјоделско земјиште со потребната документација согласно член 3 од Правилникот за постапка за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели, формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација, со оглед дека има проширување на концесијата за наведениот локалитет.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија а за повереници Наташа Дескоска помошник директор во Министерството за

надворешни работи, Игор Попов, директор во Министерството за надворешни работи и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учество на Република Северна Македонија во Заедничката, надворешна, безбедносна и одбранбена политика на ЕУ во периодот 1 јануари - 30 јуни 2020 година и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по усвојувањето на Информацијата, да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на ЕУ и други правни акти на ЕУ од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур (дадени во Прилозите од 1 до 5), кон кои Република Северна Македонија, на покана на ЕУ или унилатерално, се има придружено, во „Службен весник на Република Северна Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Северна Македонија на покана од ЕУ се придружила/прифатила".

**Точка 44**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за воспоставување на Преспа форум за дијалог за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 10 ноември 2020 година (вторник).

**Точка 45**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за Предлог-реорганизација на економската дипломатија, во насока на промоција на националните економски интереси во странство, со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе реорганизацијата на економската дипломатија, во насока на промоција на националните економски интереси во странство, со упатување на економски советници.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од пет работни дена да формира меѓуресорска работна група со претставници од: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за подготовка на Акциски план за економска промоција на Република Северна Македонија во странство.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи врз основа на Акцискиот план да ги планира потребните финансиски средства за 2021 година и наредните години, за имплементација на проектот за реорганизација на економската дипломатија.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднострано укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребите од реализација на препораките на ГРЕКО упатени до Република Северна Македонија со Извештајот за евалуација - Петти круг (тема: Превенција на корупција и промоција на интегритет кај централната власт - највисоките извршни функции и органите за спроведување на законот) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат:

1.1. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до 15 декември 2020 година, да достави податок за вкупниот број на советници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за правда и да ги објави јавно.

1.2. Сите министри во Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, од редот на службениците во министерството да именуваат лице за интегритет, примање подароци и судир на интереси и да го објават на веб-страницата на министерството.

1.3. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, до 1 декември 2020 година, да определи лице за интегритет, примање подароци и судир на интереси од редот на службениците во Кабинетот на заменикот на претседателот и неговото име да биде објавено на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

1.4. Сите министри во Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да ги објават на своите веб-страници имињата, платите и надоместоците, како и краток опис на работните обврски на сите посебни советници и надворешно ангажирани лица во кабинетите на министрите во Владата на Република Северна Македонија.

1.5. Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 14 дена, со донаторска експертска помош да изработи Тест за интегритет и судир на интереси и Изјава за имотна состојба на советниците на носителите на највисоките извршни функции, кој ќе биде усвоен од страна на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

1.6. Сите советници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и сите посебни советници и надворешно ангажирани лица во кабинетите на министрите во Владата на Република Северна Македонија да ги пополнат, во рок од седум дена од усвојувањето, Изјавата за имотна состојба и Тестот за интегритет и судир на интереси подготвени од страна на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и истите нему да му ги достават.

1.7. Министерството за финансии во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 14 дена, да подготви нова Предлог-уредба за соодветно изменување и дополнување на Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/2015) со Образец за пријавување на дар, со цел за реализација на препораката број VII, во која Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија или Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси ќе биде надлежен за водење и редовно ажурирање на Регистер на подароци за членовите на Владата.

1.8. Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 14 дена, да организира обуки за примена на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата, а во рок од 30 дена за сите други носителите на јавни функции именувани од страна на Владата. Доколку од обуката произлезе Прирачник или Водич за примена на Етичкиот кодекс, истиот да се објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и за тоа да се информира Министерството за правда.

1.9. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до 15 декември 2020 година, да подготви изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија со одредба која ќе го обврзува Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, заради поголема транспарентност во работата на Владата, јавно да бидат објавени сите надворешни лица поканети да присуствуваат на владините седници, комисии и работни групи.

2. Се препорачува на Државната комисија за спречување на корупцијата, до 10 декември 2020 година, да одржи информативна он-лајн обука за содржината на Практичното упатство за правилата за ад-хок откривање и управување со случаи на судир на интереси за членовите на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија А. бр.17807/15 и А.бр.17893/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст, во вкупен износ од 14.307 евра во денарска противвредност (3.769 евра на Веле Анев и 10.538 евра на Борче Најдовски) по пресудата на Европскиот суд за човекови права, Анев и Најдовски против Република Северна Македонија, А.бр.17807/15 и 17893/15, најдоцна до 1 декември 2020 година.

## Точка 49

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија“ за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на под-проектот Изградба на Воспитно-поправен дом Тетово, Општина Брвеница и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од осум дена до Владата на Република Северна Македонија да достави Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, државните органи, јавните претпријатија и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија или општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, постапка преку е-градежно земјиште број 29 УП-152 од 23 јули 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од осум дена, до Владата на Република Северна Македонија да достави Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, државните органи, јавните претпријатија и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија или општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, постапка преку е-градежно земјиште број 29 УП-153 од 23 јули 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по исполнувањето на обврските од првиот и вториот заклучок и по поднесено барање од Управата за извршување на санкциите за добивање на одобрение за употреба, во рок од 15 дена

да издаде Одобрение за употреба на Воспитно-поправниот дом Тетово, Општина Брвеница.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на процесот на апликацијата за Националната франкофонска иницијатива (НФИ) за периодот 2019-2022 година од Меѓународната организација на франкофонијата, со усогласен текст на Договор за субвенција за НФИ 2020 година со Меѓународната организација на франкофонијата и со усогласен текст на Договор за соработка за реализација на Програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2020“ со Францускиот институт во Скопје, и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за субвенција за Националните франкофонски иницијативи за 2020 година помеѓу Меѓународната организација на франкофинијата и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

2. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Договорот за субвенција за Националните франкофонски иницијативи за 2020 година помеѓу Меѓународната организација на франкофинијата и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

3. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка за реализација на Програмата „Национални франкофонски иницијативи (НФИ) 2020“ помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Францускиот институт во Скопје.

4. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Договорот за соработка за реализација на Програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2020“ помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Францускиот институт во Скопје.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од пет работни дена да номинира Национален политички координатор за Програмата „Национални франкофонски иницијативи 2019 - 2022“ и за тоа да ја извести Меѓународната организација на франкофонијата.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Националниот политички координатор, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, преку Националниот технички координатор, во рок

од десет работни дена да иницира постапка за воспоставување на Комитет за насочување (Steering Committee/ Comité de pilotage) за Програмата „Национални франкофонски иницијативи 2019 – 2022“.

7. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Државниот архив на Република Северна Македонија и Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, да номинираат интерни национални координатори во рок од пет работни дена, а номинациите во писмена форма да ги достават до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за надворешни работи.

8. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за надворешни работи, со заедничка Информација, до крајот на јануари 2021 година, да ја информираат Владата за тековните состојби и активности што ќе произлезат од спроведувањето на Договорот за субвенција за Националните франкофонски иницијативи за 2020 година помеѓу Меѓународната организација на франкофонијата и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија, Договорот за соработка за реализација на Програмата „Национални франкофонски иницијативи (НФИ) 2020“ помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Францускиот институт во Скопје, за активностите поврзани со воспоставувањето и функционирањето на Комитетот за насочување (Steering Committee/ Comité de pilotage) и за програмирањето за 2021 година со Меѓународната организација на франкофонијата.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на проектот „Зајакнување на е-влада“ (ИПА 2017) и потребата од назначување на лица од институциите (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за правда (за судовите), Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за правда-Управа за водење на матични книги и Државниот завод за статистика, а им се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности, Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од седум дена да назначат одговорни лица кои ќе бидат задолжени за имплементација на активностите на Проектот и за истото да го известат Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во предлог-буџетското барање за периодот 2021–2023 година да предвидат средства во износ од 88.500 евра за оваа намена.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 18 и 19 ноември 2020 година преку видео конференциска врска и ја усвои со следните заклучоци:

1. За ко-претседавач на Поткомитетот од македонска страна се назначува Светлана Влаховиќ-Димановска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали од институциите, согласно областите опфатени со Поткомитетот за правда и внатрешни работи, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 12 ноември 2020 година.

3. Се овластува ко-претседавачот на поткомитетот Светлана Влаховиќ-Димановска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да го утврди составот на делегацијата која ќе учествува на состанокот на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 18 и 19 ноември 2020 година, преку видео конференциска врска, најдоцна до 12 ноември 2020 година.

## Точка 55

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација, во предложениот текст.

## Точка 56

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централна Африканска Република, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким

Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 57**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ѓултен Мустафова, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство на фармацевтски производи, трговија и услуги Канабис мед - гроу ДОО увоз-извоз Струга за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство на фармацевтски производи, трговија и услуги „Канабис мед-гроу", ДОО увоз-извоз Струга, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за укинување на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп (cannabis sativa, cannabis indica и cannabis ruderalis) за медицински цели на „НЈСК Холдинг", ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на „НЈСК Холдинг", ДООЕЛ, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „НЈСК холдинг", ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за

давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „НЈСК холдинг“, ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година и ја донесе Програмата за изменување на Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветни изменувања во Законот за ученичкиот стандард, согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветни изменувања во Законот за студентскиот стандард, согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изменување на Програмата за научно истражувачката дејност за 2020 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон програмите на ЕУ „Еразмус“ и „Европскиот корпус на солидарност“ во новиот програмски циклус од 2021 година до 2027 година и ја усвои со заклучок Министерството за образование и наука да изготви и достави писма за изразување интерес за пристапување на земјата во програмите на Европската Унија „Еразмус“ и „Европскиот корпус на солидарност“ до Генералниот директор во Директоратот за образование и култура во Брисел, најдоцна до крајот на ноември 2020 година.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии во насока потребните средства да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Црвен крст на Република Северна Македонија–Општинска организација Битола (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година, со Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2021 година, и притоа го утврди следново мислење:

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/112, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 180/19), доставува Финансиски план за наредната година на

усвојување на Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за вршење на својата работа се финансира од надоместоците кои ги наплатува согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Согласно член 56 став (3) точка (а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува месечен надомест на товар на пензиските друштва најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на која согласност дава Собранието на Република Северна Македонија и истите се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување управува Советот на експерти на Агенцијата составен од претседател и четворица членови, кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го утврдува Финансискиот план за 2021 година врз основа на реализација на Финансискиот план за 2020 година, очекуваните надоместоци и други приходи во 2021 година, реализирањето на започнатите активности и нови активности според Годишната програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година и планираните расходи за 2021 година.

Согласно доставениот Финансиски план за 2021 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година предвидува реализација на вкупни приходи во износ од 67.100.000 денари што се повисоки за 4,76% во однос на планираните приходи за 2020 година. Од вкупно планираните приходи се очекува 63.000.000 денари да се остваруваат од наплата на надомест од придонеси, кои за 2021 година се повисоки за 5% во однос на 2020 година, додека 3.600.000 денари се планираат да се остваруваат од други административни надоместоци, а кои се повисоки за 12,5% за разлика од 2020 година, и 500.000 денари приходи од камати кои се за 41,18% пониски од планираните приходи од камати за 2020 година.

Вкупните расходи планирани за 2021 година, согласно Финансискиот план изнесуваат 66.510.000 денари и истите се повисоки за 4,27% споредбено со вкупните расходи планирани за 2020 година.

Вкупните расходи за 2021 година се прикажани во поединечни износи по ставки, со тоа што во некои од ставките се појавуваат поголеми разлики и зголемување на износите во споредба со Финансискиот план за 2020 година, и тоа:

- Во ставката под бр. 2.4 Други услуги, планираните расходи изнесуваат 12.440.000 денари и се повисоки за 4,45% во однос на 2020 година. Според Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, повисоките планирани расходи за оваа ставка се должат на предвидени поголеми трошоци за организирање на настани за промовирање и развој на капитално финансирано пензиско осигурување, со цел да се зајакне свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членувањето во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, вклучувајќи ги и целите, принципите и придобивките од учеството во професионална пензиска шема, за правата на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско осигурување.

- Во ставката под бр. 2.8 Други материјални услуги, планираните трошоци за оваа намена изнесуваат 380.000 денари и се повисоки за 4,11% во однос на истите планирани расходи за 2020 година поради потребата од почеста дезинфекција на просториите на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

- Во ставката под бр. 2.13 Интелектуални и други услуги, планирани се расходи во износ од 2.710.000 денари кои се повисоки за 5,03% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2020 година поради потребата за надворешна контрола за заштита на лични податоци, контрола на безбедноста на ИТ системот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и потребата од ангажирање на лице со договор на дело кој врши други работи определени од Советот на експерти за потребите на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

- Во ставката под бр. 2.14 Останати други расходи, се предвидува износ од 370.000 денари кои се повисоки за 15,62% во однос на планираните расходи по овој основ за 2020 година поради зголемувањето на трошоците за непредвидени работи поради ситуацијата со Коронавирусот COVID-19.

- Во ставката под бр. 2.16 Средствата за опрема, за 2021 година планирани се 1.200.000 денари кои се повисоки за 14,28% во однос на планираните расходи од оваа ставка за 2020 година.

- Во ставка под бр. 2.17 Други капитални средства, планираните расходи изнесуваат 7.630.000 денари и се повисоки за 4,80% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2020 година.

- Во ставката под бр. 2.18 Вкалкулирани плати и надоместоци, се предвидуваат дополнителни расходи споредбено со 2020 година поради планирани средства за четири нови вработувања кои биле планирани во 2020 година но не биле реализирани поради рестрикциите согласно одлуките на Владата на Република Северна Македонија. Овие расходи се поголеми за 4,54% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2020 година.

Во Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, од пензиските друштва за 2021 година, висината на надоместокот се предвидува да изнесува 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10), месечниот надомест што Агенцијата го наплатува на товар на пензиските друштва изнесува најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Во периодот од 2010 до 2020 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува надоместок од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Во образложението на Одлуката, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наведува дека проекциите покажуваат дека месечниот надомест за 2021 година, како и претходните години, треба да остане во рамките на законски утврдениот лимит од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење во однос на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2021 година.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Ѓорѓи Павлов од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.278/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 281-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 281-а од Законот за семејството, кој како што е наведено во предметната Иницијатива не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија односно е во спротивност со принципот на владеење на правото.

Според подносителот на Иницијативата одредбата 281-а од Законот за семејството упатува на одредба од член 94-е од истиот Закон, која пак одредба согласно член 66 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство престанала да важи, односно истата веќе не постои во правниот систем на Република Северна Македонија, што доведува да правна несигурност и нејаснотии во практикувањето на правото на субјектите кои се засегнати со оваа одредба.

Согласно член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Со одредбата на член 40 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдена обврска за обезбедување на посебна грижа и заштита на семејството.

Со цел да се создаде сеопфатна правна рамка со која системски ќе се унапредат состојбите против семејното насилство во нашата земја, преку координиран и интегриран систем во сите подрачја на делување, донесен е посебен Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија" бр.138/14, 53/15 и 150/15).

Имено, со овој закон во членот 51 е уредено извршувањето на привремените мерки за заштита, од страна на надлежните институции и тоа: Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика односно Центарот за социјална работа и Министерството за здравство. При кодификацијата на правните одредби направен е превид со тоа што членот 281-а упатува на одредба од член 94-е од истиот Закон која пак одредба веќе не постои во правниот систем.

Владата на Република Северна Македонија ги зема предвид наводите од поднесената Иницијатива и при наредните измени на Законот за семејството ќе ја направи потребната измена заради усогласување во правниот систем.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија при разгледувањето и постапувањето по Иницијативата У. бр. 278/20 од 15.10.2020 година за оценување на уставноста на членот 281-а од Законот за семејството, да ги земе предвид претходно наведените аргументи.

## Точка 72

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.271/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015), дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што бара Уставниот суд да го поништи оспорениот закон, и до донесувањето на одлуката да донесе времена мерка за штетните последици.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за времена мерка е беспредметно и противречно, од причина што со членот 3 во оспорениот закон изрично е определен почетокот и престанокот на важењето на Законот, односно неговата примена. Согласно ова, освен за членот 43, овој закон не е во правна сила и не предизвикува штетни последици.

Целта на донесувањето на оспоруваниот Закон е создавање на услови за да се овозможат фер и демократски избори согласно домашните и меѓународни стандарди. Имено, изборите се највисока форма на директна демократија, особено за избор на законодавна и извршна власт. Измените и дополнувањата на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 196/2015) се настанати како резултат на широки консултации со сите засегнати страни, вклучително и релевантни чинители од меѓународната и европската експертска фела. Со донесените измени утврдена е постапката на организација на предвремените избори за пратеници во 2016 година (избирање на преодна влада), изборот, односно именувањето на соодветните министри и заменици на министрите, надлежностите, надминување на неусогласеноста и правото на посебните советници кое го имаат одделните функционери. Овие измени се преземени токму заради темелната вредност владеење на правото и поделба на власта на законодавна, извршна и судска, а поради потребата за извршување на надлежностите, без да се остави простор за сомнеж за пречекорување на Уставно и законски утврдени овластувања.

Дел од оспорените членови од Законот го уредуваат изборот на нова преодна Влада за спроведување на избори на пратеници, предводена од нов претседател на Влада кој го предлага најголемата политичка партија што го формира владиното мнозинство. Имено, со член 45 од оспорениот Закон, се предвидуваат дополнителни заменици на министрите и тоа заради организација на избори за пратеници, Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Владата на Република Македонија именува дополнителен заменик на министерот во Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за информатичко општество и администрација.

Надлежностите на дополнителниот заменик на министерот се уредени во член 46 став (2) и тоа дека дополнителниот заменик на министерот заедно и рамноправно со министерот учествуваат во остварувањето на надлежностите предвидени во Законот за организација и работа на органите на државната управа. Дополнително, во ставот (3) е прецизирано дополнителниот заменик на министерот, заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и ги потпишува сите акти и документи кои ги донесува министерот или лица овластени од него, заменикот на министерот како и државниот секретар во соодветното министерство, а се однесуваат на правните, финансиските и кадровските прашања поврзани со организацијата на изборите.

Исто така, дополнително е уредено правото на посебни советници со член 51 ставот (1) со кој дополнителниот заменик на министерот има право на посебни советници и кабинетски службеници чиј број е еквивалентен на бројот на посебните

советници и кабинетски службеници во кабинетот на министерот, според Законот за административни службеници.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓудругото, е утврдено владеењето на правото. Токму заради владеење на правото е определен соодветниот начин на организирање на изборите. Имено, соодветно организирање на изборен процес за избор на членови на законодавниот дом е conditio sine qua non за гаранција на оваа темелна вредност.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 88 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Член 89 став 1 од Уставот предвидува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри, а согласно ставот 6 „организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон". Во Уставот како највисок правен акт не е можно да се дефинираат сите детали за работењето на Владата, туку тој ги дава само начелните рамки за нејзиното функционирање. Понатаму овие уставни одредби се доразработуваат со закон. Имено, со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) во член 1 е предвидено дека со овој закон се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија. Тргнувајќи од уставната позиција на Владата законодавецот во Законот за Владата на Република Македонија, покрај уредувањето на организацијата и начинот на работа на Владата (согласно член 89 став 6 од Уставот), со членот 1 ја уредува и надлежноста на Владата. Со ваквото дефинирање на надлежностите на Владата преку определување на надлежности опфатени во членот 8 од Законот за Владата на Република Македонија, покрај надлежностите утврдени со Уставот, врши и други работи утврдени со закон. Законодавецот при пропишувањето на надлежноста на Владата зел предвид поширок опфат и примена на одредбите на членовите 88 до 97 од Уставот, а не изолирана и тесна примена само на член 89 став 6 од Уставот како исклучив основ и рамка за донесување на Законот и определување на неговата содржина и структура.

Определбата со Законот да се уредуваат прашања што поблиску определуваат и кои во основа се во функција на операционализација на нејзината уставна положба како носител на извршната власт, покрај уредувањето на организацијата и начинот на работа, е да се определат и надлежностите кои со закон можат да се утврдат. Оттука, мора да се има предвид и Законот за организација и работа на органите на државната управа. Имено член 1 предвидува дека со овој закон се уредуваат организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа.

Со Уставот јасно е определена положбата на Владата и се утврдени нејзините права и должности. Владата е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Врз основа на наведеното, Уставот јасно ја определил положбата на органите во организацијата на државната власт, а со тоа и положбата на Владата како носител на извршната власт, која своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон. Потребно е да се потенцира дека Уставот не е акт кој ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на надлежноста на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон. Целта на оспорениот закон е да се зголеми ефикасноста во функционирањето на Владата за спроведување на парламентарни избори. Оспорените одредби со кои се утврдува оперативното работење на Владата не излегуваат надвор од уставно утврдените рамки, освен доразработување на уставните одредби и утврдување на начинот на работа на Владата.

Во однос на составот на Владата (член 89 став 1), Уставот утврдува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер", во Уставот се користи и терминот „член на Владата". Со Законот за Владата на Република Македонија, како што напред е веќе наведено, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при што во член 16 од Законот е уредено дека претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици, дека претседателот на Владата го заменува неговиот заменик и дека претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.

Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 став 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Врз тие основи, со одделни одредби од законот се упатува на поблиску операционализирање и доразработка на одделни прашања, поими и термини, дотолку повеќе што истите се доразработени и со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во однос на оспореноста на членовите 90, 92 и 94 од Уставот, оправданоста од носењето на соодветните измени и дополнувања на Законот за Владата на Република Македонија и потребата од формирање на преодна влада е во итноста и неодложноста да се одлучува за некои прашања од нејзина надлежност кои со оглед на нивниот карактер, нивното решавање не трпи одлагање.

Основен принцип во организацијата и вршењето на власта е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, со што се исклучува можноста со акти на носителите на уставно утврдените функции на власта да се менуваат со Устав утврдените односи во рамките на принципот на поделба на власта и на посебните облици на неговото остварување. Во тие рамки, вршењето на законодавната функција Уставот не го утврдува само како право, туку и обврска за Собранието, која не може, надвор од случаите утврдени со Уставот, со закон да се пренесува ниту на еден друг орган, па ниту на Владата. Со Уставот Владата е утврдена како

носител на извршната власт, која покрај другите со Устав утврдени надлежности што произлегуваат од нејзината положба на носител на извршната власт, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 90, членот 92 и членот 94 од Уставот. Оттука, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015).

## Точка 73

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 275/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 став 1 во делот: „Совет на судската служба“ од Законот за судската служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, смета дека член 13 став (1) од Законот за судска служба е во спротивност на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе Иницијатива за оценување на уставноста на горенаведената одредба од Законот за судска служба. Со тоа, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорената одредба се повредува начелото на владеење на правото и обврската за усогласеност на законите со Уставот и сите други прописи со Уставот и со закон.

Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, во март 2014 година донесен е посебен Закон за судска служба, како lexspecijalis, со кој системски и конзистентно се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници. Поаѓајќи од законската рамка на Законот за административни службеници, а сепак имајќи ги во предвид специфичностите на работите кои ги извршуваат судските службеници, истите имаат статус на административни службеници, но за нив важи исклучокот определени прашања во врска со работниот однос, во целост или делумно да можат да бидат уредени со закон и колективен договор на различен начин.

Во член 13 став (1) од Законот за судска служба е утврдено дека заради остварување и заштита на правата на судската служба се формира Совет на судска служба, со седиште во Врховниот суд. Советот го сочинуваат 11 члена-судски администратори, и тоа судскиот администратор на Врховниот суд, судскиот администратор на

Управниот суд, судскиот администратор на Вишиот управен суд и судските администратори на апелационите судови, како постојани членови и четири судски администратори на судови со проширена надлежност, кои меѓусебно ќе ротираат на период од три години, според редоследот на судовите утврден во Законот за судовите. Од редот на членовите на Советот се избира претседател со мандат во траење од две години.

Во членот 14 од Законот за судска служба е утврдена надлежноста на Советот на судска служба, при што Советот ги врши следните работи:

- одлучува во втор степен по жалби и приговори поднесени против одлука на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор, за прием и престанок на работен однос во судската служба,
- одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор од делокругот на неговото работење,
- одлучува во втор степен во дисциплинските постапки,
- одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки за остварување права од работен однос на вработени во судската служба и
- дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.

Согласно член 15 од Законот за судска служба Советот одлуките ги донесува на седница со мнозинство гласови од присутните членови, а член на Советот кој одлучувал во прв степен се иззема при донесување на одлуките. Согласно член 15 став (3) од Законот, стручно-административните работи за Советот ги врши одделение во состав на Врховниот суд.

Подносителот на иницијативата ја оспорува уставноста на член 13 став (1) од Законот за судска служба, односно уставноста и законитоста на постоењето на Советот на судска служба. При тоа, подносителот на Иницијативата при оспорувањето на оваа одредба неосновано се повикува на нејзина неусогласеност со одредби од Законот за вработените во јавниот сектор. Неосновано е повикувањето дека Советот на судска служба е одделение во Врховниот суд. Имено, како што е јасно од член 15 став (3) од Законот за судска служба, одделението што е формирано во Врховниот суд е само организациона единица формирана во Врховниот суд за вршење на стручно-административните работи за Советот на судска служба и истото не е Советот. Сосем е нејасен наводот во Иницијативата дека Советот не е дел од судската служба. Согласно член 2 од Законот за судска служба јасна е дефиницијата за судска служба и дека судската служба ја сочинуваат судските службеници, лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција. Советот на судска служба се формира за заштита на правата на судската служба. Исто како што од Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен не е дел од дефиницијата за административните службеници, туку истата се формира во рамките на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото, а членот 51 утврдува дека законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Се смета дека оспорената одредба од Законот за судска служба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, особено не по основот кој е наведен во поднесената Иницијатива.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 13 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на истата.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100906 за КО Центар 1, на КП бр.13159 М.В./Улица Б. Тодоровски и Имотен лист бр.100914 за КО Центар 1, на КП бр.13158 М.В./Улица Б. Тодоровски и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12879 за Свети Николе на КП бр.9915 м.в. Македонска, доставена од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Кузмановски од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101221 за КО Охрид 4, на КП бр.1644 М.В./улица „Трново“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94890 за КО Ѓ. Петров на КП бр.10070/1, 2, 3 и 4 и Имотен лист бр.94891 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП

бр.10077/1, 2 и 3 М.В./Улица Ѓорче Петров и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата за откуп на недвижен имот, сосопственички дел на Република Северна Македонија, со Имотен лист бр.16337 за КО Куманово на КП бр.14677, доставена од нотар Даниел Живачки од Куманово и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82561 за КО Радовиш на КП бр.2007 М.В. Шаин Маало и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95827 за КО Ѓорче Петров 3 -Дексион на КП бр.10297/4 викано место/улица Ѓ. Петров и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 82**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба, доставен под И. Бр.227/11, која ќе се одржи на 11 ноември 2020 година, за КО Бунарџик и по Известувањето го усвои негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 83**

1. Владата ја именува Јасна Дуковска – Јегени овластен ревизор за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

2. Владата го разреши Дениз Исмаили од должноста вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија.

2.1. Владата го именува Емил Димитровски за вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Митко Крстевски од должноста директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3.1. Владата го именува Љутви Акики за директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Бајрам Ѓулиовски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за стоковни резерви, на негово барање.

4.1. Владата ја именува Кети Смилевска за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата донесе Одлука за давање претходна согласност на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, да го разреши Јован Деспотовски од должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, на негово барање.

6. Владата го разреши Александар Младеновски од должноста директор на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, на негово барање.

7. Владата го разреши Никола Шалваринов од должноста директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија Скопје.

7.1. Владата го именува Слободан Близнаковски за директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го именува Иљми Селами за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

10. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик на директорот во Агенцијата за стоковни резерви.

11. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта за вршител на должност директор да го избере Ејуп Рустеми.

12. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна

сопственост – Скопје, за член на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје да го избере Јани Макрадули.

13. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик директор на Јавното претпријатие за државни патишта.

## Точка 84

1. Владата по повод Мислењето доставено од ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, под бр. 09-2409/2 од 30 октомври 2020 година во врска со Предлог-одлуката за заштитни зони за извор Рашче, заклучи Министерството за здравство да подготви и за седницата на Владата што ќе се одржи утре (вторник) 10 ноември 2020 година да ја достави Предлог-одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор Рашче.

2. Владата по повод одбележувањето на празникот 13 Ноември–Ден на ослободување на Скопје ги донесе следните заклучоци:

1. Владина делегација предводена од:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и
- м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, да положат цвеќе на покана и во организација на Град Скопје, согласно следната агенда:

11:00 часот положување на цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел;

11:30 часот положување на цвеќе на Алејата на заслужните граѓани;

12:00 часот положување на цвеќе на споменикот на ослободителите на Скопје, пред Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци, а одделението за протокол на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди покани до сите членови на владината делегација, како и да го организира протоколарното положување на цвеќе на сите локации.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на

постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 28 октомври 2020 година до 3 ноември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. По повод обраќањето на Филозофскиот факултет во Скопје до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-1935/1 од 27.10.2020 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на одбележувањето на јубилејот „100 години Филозофскиот факултет во Скопје“, Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 –Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 100.000 денари на горенаведениот субјект.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со природните езера и вештачките акумулации на кои Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје има хидроцентрали, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје за втор квартал 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 87

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1-ви април 2020 до 30-ти јуни 2020 година, со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија, за прв и втор квартал од 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 89

Владата го разгледа Акцискиот план за реализација на препораките по спроведените ревизии на финансиските извештаи на Министерството за финансии за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 90

Владата по Информацијата за реализација на мерката за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот, со Извештај на Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти заклучи:

- Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти за седницата на Владата што ќе се одржи утре 10 ноември 2020 година (вторник) да го дополни Извештајот, односно во Табеларниот приказ со одбиените субјекти да додаде нова колона која ќе содржи образложение за секој деловен субјект одделно кој услов компанијата не го исполнува согласно Уредбата.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за згрижување на семејствата од импровизирани живеалишта во објекти на установи за социјална заштита и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, да донесе решение за сместување, во објект што ги користи ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП 1062 и КП 1063 евидентирани во пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари, за период од декември 2020 година до мај 2021 година).

2. Се укажува на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје со своите стручни тимови да обезбеди поддршка на сместените семејства во насока на остварување на правата од социјална и здравствена заштита, односно за вклучување на пазарот на труд и осамостојување и еднаш месечно да ја преиспитува семејната и материјалната состојба и станбените услови на сместените семејства.

3. Се укажува на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје еднаш месечно да доставува извештај за сместените лица до Министерство за труд и социјална политика (до петти во месецот за претходниот месец).

4. Се укажува на ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје да ги преземе неопходните активности за санирање на направените штети заради обезбедување на основни услови за престој во објектот.

5. Се препорачува Градот Скопје и локалните самоуправи согласно своите надлежности да преземат активности за обезбедувањето на услови за домување на

лицата во социјален ризик сместени во објектот ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје, со оглед на тоа што проблемот со домувањето е клучен за решавање на нивната состојба.

6. Се препорачува на Градот Скопје и локалните самоуправи согласно своите надлежности, а преку инспекциските служби редовно да реализираат активности за дислоцирање на бесправно населени лица на јавни површини и средување на истиот простор како би се спречило ширење на таквата појава.

## Точка 92

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата и го усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, во предложениот текст.

2. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, коефициентите за платите на директорите во локалните установи од областа на културата, да се групираат по групи и тоа:

1) Локални установи со број на вработени до 15 лица – коефициент за основната бруто плата да изнесува 2,9569, со вредност на коефициентот од 19.050 денари.
2) Локални установи со број на вработени до 20 лица – коефициент за основната бруто плата да изнесува 3,2006, со вредност на коефициентот од 18.500 денари.
3) Локални установи со број на вработени над 20 лица – коефициент за основната бруто плата да изнесува 3,5661, со вредност на коефициентот од 18.500 денари. Исплатата на платите да започне со исплата на платата за октомври 2020 година.

## Точка 93

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за Националниот совет за културното наследство, со нов текст на Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за основање на Национален совет за културното наследство, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за именување претседател и членови на Националниот совет за културното наследство, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за поддршка на угостителскиот сектор во Република Северна Македонија и ја донесе Програмата со следнава измена: во дел II, став 1, во точка 1, во ставот 1 зборовите „со голем капацитет на гости" да се избришат.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Artan Grubi** |